Бр./Nr 12-4083/2
02-02-2024 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 99-та седница одржана на 26.01.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-4083/1 од 30.11.2020 година, со наводи против ЈУ Завод ------------------------- - Скопје, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема надлежност за постапување во предметниот случај од причина што за пријавените наводи друг орган е надлежен да постапува.

Предметот со број 12-4083/1 од 30.11.2020 година да се затвори и архивира

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 30.11.2020 година, поднесена е пријава со наводи против ЈУ Завод ---------------------------- – Скопје по која е оформен е предмет број 12-4083/1 од 30.11.2020 година. Во пријавата се изнесени сомневања по однос на статусот на вработените во Заводот, кои согласно одредбите на Законот за социјална заштита претходно имале статус на административни службеници, а со последните изени истите добиле статус на даватели на услуги, а во врска со тоа дека од страна на директорот на установата намерно не бил променет нивниот статус се со цел остварување на финансиска корист.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот станува збор за наводи кои не се предмет на нејзино надлежно постапување, туку се работи за наводи по прашања кои се однесуваат за испитување на статус на административни службеници, а за кои друг орган е надлежен да постапува.

Имајќи го предвид наведеното, ДКСК оцени дека нема надлежност за постапување во предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
Подносителот на пријавата

Одобрил: Г.Т., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk